НУЦК „Марко Цепенков“ Прилеп

Театар „Војдан Чернодрински“

**„Ништо без Трифолио“**

Автор: Русомир Богдановски

Режија: Коле Ангеловски

Сценографија: Илина Ангеловска

Соработник за сценографија: Пеце Ристески

Костими: Раде Василев

Музика: Томе Темелкоски

Кореографија: Кире Миладиноски

Играат:

КАНТАРИОН, член на Собранието – Андон JОВАНОСКИ

ЛАВАНДУЛА, жена на Кантарион – Даниела ИВАНОСКА

ПЕТУНИJA, постарата ќерка на Кантарион – Наташа НАУМОСКА

МЕЛИСА, помладата ќерка на Кантарион – Ангела НАУМОСКА

ТРИФОЛИО, пријател на дело – Илија ВОЛЧЕСКИ

МИЛЕС ГЛОРИОСУС РОЗМАРИНУС, заповедник на пешадиски одред – Александар ТОДЕСКИ

ХИБИСКУС, сосед –Марјан ЧАКМАКОСКИ

ПИНУС, помладиот син на Хибискус – Димитар ЦРЦОРОСКИ

АДОНИС, постариот син на Хибискус – Димитар ЃОРЃИЕВСКИ

КАМЕЛИJA, вонбрачна ќерка на Кантарион – Марија СПИРКОСКА ИЛИJЕСКА

АМОР – Михајло МИЛЕНКОСКИ

{AG}trifolio{/AG}

„Ништо без Трифолио“ во режија на Коле Ангеловски е весела комедија која со својата динамика и кохерентна структура носи силен пулс на современоста. Авторот Русомир Богдановски го нарекува ова свое дело „комедија во грчко-римски стилнапишана по средбата со веселиот дух на римскиот комедиограф ПУБЛИЈ ТЕРЕНЦИЈ АФРИКАНЕЦ, кој ослободен од телото на својот господар во 159 година пред нашата ера, лута низ вековите“. Сите сплетки и недоразбирања произлегуваат од една основна тема – потрагата по љубов, и сѐ што се случува на сцената е поврзано со љубовта. Богот Амор е двигател на дејството, а Трифолио, интелигентен и снаодлив, управува со ситуациите и ги држи сите конци во своите раце. Трифолио ја наоѓа мотивацијата во својот непоправлив хедонизам, а оттаму произлегува и комичноста. Сложеното и вешто водење на двојните заплети, забуните, богатството на карактерите, нивните слабости и проблеми, специфичниот и богат јазик – сите овие елементи создаваат претстава во која ќе ги препознаеме современите семејни и љубовни проблеми на младите, но и на постарите.